РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2588/4
19-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 2588/1 од 27.07.2021 година, со наводи за непостапување на Општина ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што не се потврдени пријавените наводи.

Предметот со број 12 2588/1 од 27.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, --------------------------------, на ден 27.07.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 2588/1 од 27.07.2021 година, по која е оформен предмет со наводи за непостапување на Општина ------------, по информативен документ доставен од нивна страна а кој бил во архивата на Општината бил заведен под број 11-4663/1 од 22.07.2021 година.

Заради проверка на предметните наводи и за утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара информации и податоци од Општина ------------, по однос на нивното надлежно постапување за предметниот документ. По барањето добиени се бараните информации, со прилог документација и по извршениот увид во истите ДКСК го констатира следново:

- пријавениот документ се однесува на барање поднесено до Општината од страна на лицето -------- ----------- односно на станари од зграда на улица "---------', со кое се бара да остане афтентичната боја на фасадата на предметната зграда и никако да не се измени колор - бојата со други бои;

- од страна Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште при Општината било постапено по поднесеното барање и со одговор број -------- од 22.07.2021 година му било одговорено на подносителот, во кој Општината ги известила дека согласно Програмата за комунална изградба за 2021 година предвидена била реконструкција на фасади на станбени згради во Општина ------------,, дека проектите за изгледот односно боите на фасадите биле изработени од стручниот тим на Општина ------------, и и истите биле поддржани односно изгласани од совет на Општина ------------, со Одлука од 16.12.2020 година;

-од доставениот повратен рецепис за применоит одговор, видно е дека подносителот -------- --------- го примил одговорот од Општината на ден 15.09.2021 гоодина;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- од страна на Градоначалникот на општината, било донесено Решение ----------- од 01.02.2021 година, за објавување на Одлука за утврдување на изгледот на фасади на колективни станбени објекти на подрачјето ма Општина ------------,, донесена од Совет на Општината од 29.01.2021 година (Сл. Гласник на Општина ------------, бр.--------). Со одлуката, се утврдува изгледот на фасади на објекти во централното градско подрајче - станбени објекти за колективно димување на повеќе локации меѓу кои и на објектот на улица "---------------", а за изведување на градежните работи за реализација на одлуката Општината ќе обезбеди средства од сопствен Буџет.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека не се потврдуваат предметните наводи за непостапување на пријавената Општина по пријавениот информативен документ доставен од страна на подносителот, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И,